## Спречување и борба против трговија со луѓе



# УЛОГА НА ДИПЛОМАТСКО – КОНЗУЛАРНИОТ ПЕРСОНАЛ ВО СПРЕЧУВАЊЕ И БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ

Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ

Овој производ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Ставовите изразени овде во никој случај не може да се сметаат за одраз на официјалното мислење на која било од страните.

Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели сè додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи вон контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот. Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин, „© Советот на Европа, година на издавање“. Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или делови од документот, треба да се достават до Директоратот за комуникација, Совет на Европа (-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

Целата друга кореспонденција во врска со оваа публикација треба да се упати на Council of Europe ((F-67075 Strasbourg Cedex publishing@coe.int).

© Совет на Европа, октомври 2022.
Сите права се задржани.
Правата на користење ги има
Европската Унија под одредени услови.

# ШТО Е ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ?

По дефиниција, кривичното дело Трговија со луѓе претставува примена на сила, сериозна закана, доведување во заблуда или други форми на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојбата на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице или на друг начин, врбување, превезување, пренесување, купување, продавање, за солнување или прифаќање лица заради експлоатација.

**Дефиницијата** на „трговија со луѓе[1] “може да се подели во три групи **Елементи**:

1. **Активности** кои ги презема сторителот: врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа лица заради експлоатација.
2. **Средства** со кои се служи: сила, сериозна закана, заблуда или други форми на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на положба или состојбата на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност, со давање или примање пари или друга корист.
3. **Цели** кон кои се стреми: Експлоатација заради стекнување на материјална корист/профит.

1 Согласно Палермо протоколот на ООН и Европска конвенција за борба против трговија со луѓе, Совет на Европа.

**Идентификација** претставува збир на постапки на надлежни институции, кои врз основа на информации и факти, преку примена на индикатори и извршено интервју, утврдуваат дали лицето е жртва на кривично дело Трговија со луѓе/дете.
**Жртва** на трговија со луѓе е Идентификувана доколку има присуство на трите елементи кои го претставуваат процесот на трговија со луѓе, и кои треба да се меѓусебно поврзани, со исклучок кај децата – кога постоењето на средствата не е неопходно.
Потенцијална жртва на трговија со луѓе: е лице за кое постојат индиции дека е жртва на трговија со луѓе, но кое формално не е идентификувано од страна на надлежните органи или кое одбило да биде формално идентификувано.

## Видови на трговија со луѓе:

- присилна проституција или други форми на сексуална експлоатација,
- порнографија,
- принудна работа или слугување, ропство,
- присилни бракови,
- присилна бременост,
- незаконито посвојување,
- питачење или експлотација заради со закон забранета активност или
- недозволено пресадување делови од човековото тело.

**Индикаторите** претставуваат «индиции» / “показатели“ / “знаци“ кои укажуваат на можно постоење на трговија со луѓе. Постојат голем број индикатори кои можат да помогнат во идентификација на жртви на трговија со луѓе, или нивниот недостаток упатува на потенцијална жртва.

## На кои Индикатори треба да внимавате?

**ИНДИКАТОРИ ЗА СЕКСУАЛНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА**

**ПРОВЕРЕТЕ:**

**Дали лицето...**

- ... врши сексуални услуги против својата волја или под принуда?
- ... врши сексуални услуги под различни услови , од претходно договорените?

**Дали на лицето...**

- ... му е дозволено по сопствена волја да избере на кого ќе дава услуги?
- ... може да одбие незаштитен или насилен секс?
- ... може да ја задржи својата заработувачка?

**ИНДИКАТОРИ ЗА ПИТАЧЕЊЕ И СИТЕН КРИМИНАЛ**

- Принудени се лица на различна возраст, на питачење, особено деца,
- Се казнуваат доколку не „обезбедат“ доволно пари или се принудени да вршат кражби,
- Се движат во групи при патување, каде питачат и вршат кражби,
- Живеат со возрасни кои не им се родители, роднини или старатели

**ИНДИКАТОРИ ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ТРУДОТ**

Дали лицето...

- ... има работна дозвола/ договор за работа?
- ... работи нелегално долги часови?
- ... е ниско платено или не прима плата?
- ... работи во опасни услови без заштита?

- ... користи опасна опрема или супстанции/опијати?
- ...има потребна / основна обука и професионални сертификати?
- ... има можност да ја прекине работа кога сака?
- ... ги знае своите работнички права?
- ... може да ја задржи својата заработувачка?

**ИНДИКАТОРИ ЗА СЛУГУВАЊЕ- ДОМАШНО РОПСТВО**

- Лицата живееат во семејство каде се експлоатирани,
- Се хранат одделно од членовите на семејството,
- Јадат остатоци од нивната храна,
- Немаат приватен простор и спијат во несоодветна просторија,
- Не излегуваат сами и не комуницираат со средината,
- Подложни се на навреди, малтретирање, закани и насилство,
- Не можат да ја напуштат куќата според сопствена желба

**ОПШТИ ИНДИКАТОРИ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДЕЦА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ**

- Немаат контакт со родители или старатели,
- Не поседуваат лични документи или поседуваат фалсификувани документи,
- Патуваат без придружба на родител/старател,
- Возрасните со кои живее детето располагаат со негови документи и согласност од родителите,
- Лажат за возраста или не знаат за години,
- Не одат во училиште,
- Занемарени се, запуштени, гладни и несоодветно облечени,

- Немаат здравствена заштита,
- Изгледаат исплашено, срамежливо, исцрпено, збунето и покажуваат знаци на физичка и ментална злоупотреба,
- Имаат големи промени во однесувањето кое не соодветствува на возраста,
- Имаат модринки по различни делови и фази по телото,
- Немаат другарчиња, и време за играње,
- Живеат во супстандардни услови,
- Превозот до земјата/регионот на дестинација ја платиле други лица, на кои треба да отплатат преку работа,
- Не располагаат со парични средства или располагаат со високи суми.

## Присилни детски бракови

- Регрутирање на деца преку родители, роднини и други лица за „склучување брак" во странство,
- Лажни ветувања и измами за добар живот и удобност,
- Правење на „свадби„ без присуство на момчето, „Невестите" се подложни на повеќе видови експлоатација, особено сексуална експлоатација, питачење, принуда за вршење кражби, слугување, како и
- Физичко и психичко насилство од страна на членовите на новото семејство.

## ИНДИКАТОРИ ПРИ ОБРАБОТКА НА АПЛИКАЦИИТЕ ЗА ВИЗА:

- Дали лицето има јасна цел за патувањето?
- Каква работа му е понудена?
- Како дознал/а за можноста да работи?
- Кој ѝ /му понудил и зошто?
- Дали таа/тој потпишале договор за работа?
- Дали има копија од договор?
- Што му/и е ветено за сместување, вработување и услови за работа?
- Каде ќе работи?
- Дали секторот е склон кон трговија со луѓе?
- Дали таа/тој платиле некому за помош за аплицирање?
- Дали некој ја/го подготвил за интервју?

## ИНДИКАТОРИ ЗА ПАТУВАЊЕТО КОЈА Е ЦЕЛТА НА ПАТУВАЊЕТО

- Дали купиле билет?
- Дали имаат доволно средства да го купат билетот?
- Дали некој друг го купил билетот за нив, и кој?
- Дали треба да ги надоместат трошоците за билетот?
- Дали има клаузула во договорот за враќање и надоместување на билетот?
- Дали ќе патува поединечно или во група?
- Дали ги познава другите членови на групата?
- Какви се другите лица во групата повозраст, пол и образование?
- Зошто сака да студира во таа земја на дестинација?
- Колку е школарината?
- Како ќе ги плаќа трошоците за студирање?

## УЛОГА НА ДИПЛОМАТСКО КОНЗУЛАРЕН ПЕРСОНАЛ:

- **Превентивни активности**/ информативни кампањи за трговијата со луѓе преку:
  - Информирање на лицата кои аплицираат за визи, кои бараат помош за вадење на патна исправа, или други документи за идентификација за состојбите на трговија со луѓе во земји на дестинација, и можни ризици;
  - Како да патуваат и да останат безбедни;
  - Како да се заштитат работниците од принудна домашна работа или слугување;
  - Развивање и соработка со институции, НВО/ Здруженија и меѓународни организации, или даватели на специјализирани услуги за помагање на потенцијални жртви во земјата домаќин на дипломатско-конзуларниот персонал и во матичната земја на потенцијалната жртва.
  - Советување на потенцијалните жртви за ризиците со кои може да се соочат.

- **Препознавање/детектирање на потенцијални жртви од нивното опкружување, преку практикување на индикатори.**

- **Прелиминарна идентификација на потенцијални жртви или лица изложени на ризик да станат жртви на трговија со луѓе на:**
  - наши државјани во странство и
  - странски државјани.

- **Упатување до задолжени институции за идентификација или организации кои нудат помош на потенцијални жртви на трговија со луѓе во земјата домаќин на дипломатско-конзуларниот персонал и во матичната земја на потекло на потенцијалната жртва.**

- **Обезбедување помош и поддршка на потенцијалната жртва,** во земјата на дестинација преку упатување и контакти со специјализирани агенции, за помош, како и информирање за нивните права: на превод на нивен јазик, толкување, обезбедување на патни исправи и други документи за идентификација, пристап до дозвола за привремен престој, работна дозвола, и др. помош.

- Обезбедување реинтеграција во земја на дестинација, до нивно враќање во земја на потекло доколку е предвидено.

- **Посредување во проценка на ризик и безбедност пред враќање на жртвата, и во пронаоѓање на нејзиното семејство**, во земјата на потекло, како и семејно обединување, преку релевантни контакти во прилог.

- **За упатување на странски потенцијални жртви во Прифатен центар за странци надлежен орган е МВР-ЕТЛКМ / НЕСКМТЛ**
  Тел. +38923142377; Моб. Тел. +38970383896
  Е-пошта: ljupco_markudov@moi.gov.mk

- **За упатување на домашни потенцијални жртви во Центар за жртви на трговија со луѓе надлежен орган е МТСП-НМУ/ ЦСР**
  Моб. Тел. +38976456795
  Е-пошта: scvetkovska@mtsp.gov.mk

o **Број за помош на потенцијални и идентификувани жртви на трговија со луѓе** на Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе “Отворена порта-Ла страда“, Скопје.

**СОС тел. ли нија 0800 11111**

Овој производ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Ставовите изразени овде во никој случај не може да се сметаат за одраз на официјалното мислење на која било од страните.

Советот на Европа е водечката организација за човекови права во Европа. Се состои од 46 земји членки, вклучувајќи ги и сите членки на Европската Унија. Сите земји членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човековите права, договор наменет за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човековите права го надгледува спроведувањето на Конвенцијата во земјите членки.

**www.coe.int**

Земјите членки на Европската Унија се решија да ги поврзат своите знаења, средства и судбини. Заедно, изградија простор на стабилност, демократија и одржлив развој, при тоа одржувајќи ги културната разноликост, толеранцијата и слободите на поединецот. Европската Унија е посветена на споделување на своите постигнувања и вредности со земјите и луѓето надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа